Република Северна Македонија
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ЗДРАВСТВЕН ДОМ СТРУМИЦА
Бр. 04-832/9
6.08. 25 год.
Струмица

Врз основа на член 44 и 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 5/2016, 142/2016 , 11/2018) и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 208/2024 и210/2024), член 30 од Статутот на ЈЗУ Здравствен дом Струмица, а во врска со објавениот Јавен оглас број 706/2025 година, Директорот на ЈЗУ Здравствен дом Струмица ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За избор на кандидати по Јавен оглас број 706/2025 година за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работно место со шифра ЗДР 01 02 Г03 014, звање Референт за кадровска евиденција, Сектор за општи работи, човечки ресурси и техничка служба, се избира кандидатот со идентификациски код С143А69, Марија Митева.

2. Именуваниот кандидат за работно место под точка 1 ќе биде вработен по конечноста на оваа Одлука за што ќе биде донесено посебно Решение.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на барање број 04-832/1 од 30.06.2025 година од страна на ЈЗУ Здравствен дом Струмица за објавување на Јавен оглас во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, објавен е Јавен оглас број 706/2025 година за вработување на административни службеници во ЈЗУ Здравствен дом Струмица.

Со решение број 10-1656/3 од 14.07.2025 и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас број 10-1656/5 од 01.08.2025 година, Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас број 706/2025 година.

На ден 05.08.2025 година Агенцијата за администрација изврши административна селекција за административен службеник за што донесе Записник од извршена административна селекција број 10-1656/4 од 25.07.2025 година.

По спроведената административна селекција на ден 04.08.2025 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-1656/6 од 04.08.2025 година.

На ден 05.08.2025 година спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник констатирано во Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-1656/7 од 05.08.2025 година.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 706/2025 година број 10-1656/9 од 05.08.2025 година и Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, Директорот на ЈЗУ Здравствен дом Струмица изврши избор на кандидат како во диспозитивот на Одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката незадоволниот кандидат има право рок од 8 (осум) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за админстрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-архива
-Агенција за администрација
-Сектор за општи работи, човечки ресурси и техничка служба
-кандидатот

ЈЗУ Здравствен дом Струмица
Директор
Д-р Кирил Манчев

Република Северна Македонија
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ЗДРАВСТВЕН ДОМ СТРУМИЦА
Бр. 04-832/7
6.08.25 год.
Струмица

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 5/2016, 142/2016 , 11/2018) и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 208/2024 и210/2024), член 30 од Статутот на ЈЗУ Здравствен дом Струмица, а во врска со објавениот Јавен оглас број 706/2025 година, Директорот на ЈЗУ Здравствен дом Струмица ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За неизбор на кандидати по Јавен оглас број 706/2025 година за вработување на административен службеник**

1. За работно место со шифра ЗДР 01 02 В03 006, звање Соработник за информатички работи, Сектор за општи работи, човечки ресурси и техничка служба, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.**
2. За работно место со шифра ЗДР 01 02 Г01 003, звање Самостоен референт-главен администратор (амбулантско работење), Сектор за општи работи, човечки ресурси и техничка служба, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР..**
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на барање број 04-832/1 од 30.06.2025 година од страна на ЈЗУ Здравствен дом Струмица за објавување на Јавен оглас во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, објавен е Јавен оглас број 706/2025 година за вработување на административни службеници во ЈЗУ Здравствен дом Струмица.

Со решение број 10-1656/3 од 14.07.2025 и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас број 10-1656/5 од 01.08.2025 година, Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас број 706/2025 година.

На ден 05.08.2025 година Агенцијата за администрација изврши административна селекција за административен службеник за што донесе Записник од извршена административна селекција број 10-1656/4 од 25.07.2025 година.

По спроведената административна селекција Комисијата утврди дека поради неуредна документација постапката не ја продолжуваат кандидатите со идентификационен код 5E6434A, 06B2076 и A2CE370.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 706/2025 година број 10-1656/9 од 05.08.2025 година и Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, Директорот на ЈЗУ Здравствен дом Струмица не изврши избор поради тоа што нема кандидат кој се квалификува за вработување и одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката незадоволниот кандидат има право рок од 8 (осум) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за админстрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-архива
-Агенција за администрација

ЈЗУ Здравствен дом Струмица
Директор
Д-р Кирил Манчев